**Република Северна Македонија**
**Општина Крушево**

[redacted]

**До**

**Заинтересирани физички и правни лица**

Бр. 21 - 368/9
од 02.10.2024 г.

Република Северна Македонија
Општина Крушево
ул. „Никола Ѓурковиќ“ бр. 16 А
7550 Крушево

Тел. 048 477 061
E-mail: opstinakrusevo@krusevo.gov.mk
Web: www.krusevo.gov.mk

**Предмет: Известување за одржување на повторна јавна презентација и јавна анкета**

Врз основа на член 35 став (3) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Ве известуваме за одржување на повторна јавна презентација и јавна анкета за Детален урбанистички план за градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, општина Крушево, со технички број С1819 од ноември 2023 година, изработен од Агенција за планирање на просторот, Урбан ДОО Штип.

Повторната Јавна презентација и јавна анкета за Деталниот урбанистички план за градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, општина Крушево, ќе се спроведе со излагање на планот во Центарот за информирање на граѓаните на Општина Крушево и Одделението за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина на општина Крушево, соба број 23, Општина Крушево.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови, почнувајќи од 08.10.2024 година до 22.10.2024 година, секој работен ден од 08:00 до 16:00.

Во споменатиот рок, можете да доставите писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација како стручно презентирање на планската документација, се организира во рамките на јавната анкета и трае еден работен ден, а ќе се одржи на ден 09.10.2024 година, (среда) во 12:00 часот, во просториите на Горна училишна зграда (старо школо Никола Карев).

Планскиот опфат на Деталниот урбанистички план за Градска четврт 2, 3, 4, 5, 7, 8 и 10, Општина Крушево е оформен од 717 градежни парцели, од кои 2 се со намена Д4-Меморијални простори и Гробишта, 1 е со намена Д3-Спорт и рекреација-спортска сала, 1 е со намена В1-Образование и наука-гимназија, 18 се со намена Г2-Мало стопанство и Г3-Сервиси, 6 се со намена Б1-Мали комерцијални и деловни намени, 4 се со намена Б4-Канцелариски и деловни простори, 3 се со намена Б5-Хотелски комплекси, 3 се со намена Е2-Комунална супраструктура и останатите се со намена А1-Домување во станбени куќи и Д1-Парковско зеленило.

Вкупната површина во границите на планскиот опфат изнесува 86,86 ха.

***Изработил:***
***Елена Илиеска***

***Општина Крушево***
***Градоначалник,***
***м-р Томе Христоски***